


# JAZZ FACTORY FESTIVAL

EDITION Nº7 • 03–06 APRIL • BITOLA

**NICOLAS GARDEL TRIO • SAKIS PAPADIMITRIOU SOLO**
**JULIA SIEDL TRIO • GOCE MICANOV TRIO • UNLEASHED COOPERATION**
**OSSA QUARTET • MAKSIMOVSKI UNITED • SARA TASHKOSKA QUARTET**
**ILE THE HAIR • LJUPCHO JOLEVSKI: RADIO & NEPRAVILEN RITAM**
**IVICA JORDANOV: GUITAR BUILDING WORKSHOP • JAZZ FESTIVALS ASSOCIATION: ANNUAL CONFERENCE**

Under patronage by: Municipality of Bitola

Supported by: Republic of North Macedonia Ministry of Culture • LIFE Sparkasse Bank • Institut Français • Alliance Française Bitola • Consulate General of Greece in Bitola • Österreichische Botschaft Skopje • Embassy of the Republic of Poland in Skopje • Jazz Festivals Association • Stobi Winery • Ladna • Budweiser Budvar • Lactalis • F Logistics • Sinpeks • MPT • Nova Solutions • Bourbon Street Pub • Cultural Chat • Бела Куќа

JazzFactoryFestival
jazzfactoryfestival
Jazz Factory Festival

**jff.mk**
#jazzfactoryfestival
#jffmk

Under patronage by:

Municipality of Bitola

Supported by:

КУПЕТЕ КАРТИ ОВДЕ

jff.mk

#jazzfactoryfestival
#jffmk

JazzFactoryFestival
jazzfactoryfestival
Jazz Factory Festival

# JAZZ FACTORY FESTIVAL

EDITION №7 • 03-06 APRIL • BITOLA



# PROGRAM

**МУЗИЧКА ПРОГРАМА И ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ ВО РАМКИ НА СЕДМОТО ИЗДАНИЕ НА ФЕСТИВАЛОТ ЗА ЏЕЗ МУЗИКА, JAZZ FACTORY FESTIVAL, КОЈ ЌЕ СЕ ОДРЖИ ВО ПЕРИОДОТ ОД 3 ДО 6 МАРТ 2024, ВО БИТОЛА**

3 април во 19.00 ч.
НУ Центар за Култура Битола
**LJUPCHO JOLEVSKI: RADIO & NEPRAVILEN RITAM**

Како новинар, водител и уредник Јолевски во новинарството е безмалку три децении. Кариерата ја почнал во Млад Борец па почетокот од 1980-тите. Потем долги години бил во Телевизија Скопје и во Македонското радио - Втора програма. Паралелно четири години бил уредник на Музичкото радио Канал 103, а соработувал и со изданијата на Детска радост, ревијата Екран и тогашна Нова Македонија.

♦♦♦

4 април во 20.00 ч.
НУ Народен Театар Битола
**JULIA SIEDL TRIO**
**NICOLAS GARDEL TRIO**

Виенската композиторка и пијанистка **Јулија Сидл** со сигурност е едно од најпознатите откритија од современата Австриска џез сцена. Плени со својата виртуозност, имровизаторските способности и фантастичниот џез вокал.

Со над триесет години на сцена трубачот **Николас Гардел** е еден од најреномираните џез артисти од Франција и пред се искрен љубител на музиката. Неговиот уникатен пристап, темелен врз јасно разработена џез фраза низ кариерата му овозможи соработки со многубројни светски уметници од највисок ранг.

♦♦♦

4 април во 22.00 ч.
Порта Џез Битола
**MAKSIMOVSKI UNITED**

**Џоле Максимовски** ја започна својата кариера во раните 90-ти свирејќи и снимајќи со различни бендови. Беше член на еден од водечките македонски бендови, Архангел. Како ко-композитор тој го покажува својот талент на албумите на Сет и Беневентан трио. Во изминатите 12 години настапува и снима со светски реномирани имиња како Влатко Стефановски, Јан Акерман, Теодосиј Спасов и Стефан Миленковиќ.

♦♦♦

5 април во 10.00 ч.
Државно Музичко Училиште Битола,
**JULIA SIEDL Master Class**

♦♦♦

5 април во 20.00 ч.
НУ Народен Театар Битола
**GOCE MICANOV TRIO**
**UNLEASHED COOPERATION**

Живата легенда на македонскиот џез, **Гоце Мицанов**, кој го паметиме по историските џез импровизации и маестралниот звук на тенор саксофонот во албумот „Као Какао“ на Леб и Сол пред публиката во Битола ќе се претстави со дел од својот раскошен опус. Џез уметник кој во кариерата имал привилегија да ја дели сцената со големиот Реј Чарлс.

Џез квинтетот од Полска на свој оригинален начин ги истражува различните концепции во џез уметноста. Идеите зад групата се жанровска отвореност и слобода на музичко изразување. Музиката на **Анлишд Корпорејшн** е резултат на долгогодишни индивидуални искуства и истражувања во длабочините на џезот, слободната импровизација и етно музиката.

♦♦♦

5 април во 22.00 ч
Паб Бурбон Стрит Битола
**ILE THE HAIR**

**Илија Талев** стана препознатлив рушејќи бариери во средината во која живее во многу области: музика, мода, култура, уметност во Битола, но и пошироко. Илија Талев од Битола, ДЏ, музичар, организатор на првата техно журка во Македонија (1989), автор на првата техно песна „Последниот Титов Танц“ (1991) и првиот техно албум „И по Тито – Техно“ (1994) во Македонија и на Балканот со групата Xavier Acid, автор на првиот концептуално-амбиентален албум „Метрополис“ со проектот Музак, издавач на музичката компилација на битолски групи кои биле активни во периодот помеѓу 2001-2022 година под името „Битола е градот“.

♦♦♦

6 април во 10.00 ч.
НУ Народен Театар Битола
**IVICA JORDANOV: GUITAR BUILDING WORKSHOP**

**Ивица Јорданов** е музичар, кој изработува и свири гитари. Неговиот живот е во константна поврзаност и може да биде дефиниран низ призмата на музиката. Настапил на бројни концерти и студиски ангажмани како гитарист за разни наши изведувачи. Повеќе од 20 години држи и приватни часови поучувајќи млади и повозрасни ученици. Редовен член е на групата Морал.

♦♦♦

6 април во 13.00 ч.
Камарите Битола
**SARA TASHKOSKA QUARTET**

**Сара Ташковска**, џез артист од најмладата генерација музичари, студентка на џез одделот при Универзитет Гоце Делчев – Штип. Со својот ангажман, посветеност и талент, несомнено е име на кое и предвидуваме светла иднина и долга кариера на Македонската и Европската џез сцена! Квартетот го сочинуваат студенти од УГД Џез оддел.

♦♦♦

6 април во 14.00 ч.
НУ Народен Театар Битола
**JAZZ FESTIVALS ASSOCIATION: ANNUAL CONFERENCE**

♦♦♦

6 април во 20.00 ч.
НУ Народен Театар Битола
**SAKIS PAPADIMITRIOU SOLO**
**OSSA QUARTET**

Пијанистот, композитор и писател **Сакис Пападимитриу** е една од клучните фигури во авангардниот Грчки џез. Роден е во Кавала во 1940 година, а израснал во Солун. Неговите текстови се објавени во многу списанија (Jazz, Echos & HiFi, Jazz&Tzaz итн.), беше издавач на списанието Sin and Plin, долги години работи како радио продуцент, и компонира музика за театар и неми филмови.

**Оса квартетот** изведува оригинална музика инспирирана од францускиот џипси џез, џез-рок и блуз, како и од џез стандардите – дела од Стефан Грапели, Џанго Рајнхард, Антонио Карлос Жобим и други. Инспирацијата за нивната музика доаѓа од џез-фолклорот на номадските цигани, музика која до ден-денес звучи свежо и наелектризирано и продолжува да одекнува кај младата и сериозна џез публика.

♦♦♦